Република Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ЗА 2018 година

Декември, 2017

Поаѓајќи од стратешките определби на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) за целосно исполнување на надлежностите утврдени со Законот за спречување на корупцијата, Законот за спречување судир на интереси, Законот за заштита на укажувачите и Законот за лобирање, препораките од Извештајот на ЕУ за напредокот на Република Македонија за 2016 година, активностите утврдени со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016 – 2019 година (во натамошниот текст: Државна програма 2016-2019), Планот 3-6-9, Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, Стратешкиот план на ДКСК за периодот 2018 – 2020 година, Акциски план за отворено владино партнерство 2016-2018, ДКСК согласно членот 49 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата, ја носи следната

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**
**НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**ЗА 2018 ГОДИНА**

Целта оваа Програма за работа на ДКСК за 2018 година (во натамошниот текст: Програма) е афирмацијата на проактивните превентивни политики за стеснување на просторот за корупцијата и судирот на интереси, со фокус на јакнење интегритетот. Во насока на остварување на вака дефинираната цел ДКСК ќе се насочи и кон интензивирање на реализацијата на активностите кои произлегуваат од законските надлежности, јакнење на меѓу институционалната и меѓународната соработка, интензивирање на соработката со граѓанскиот и приватниот сектор и секако јакнење на нејзиниот капацитет за ефикасна и ефективна борба против корупцијата.

ДКСК и во 2018 година, при спроведувањето на надлежностите во насока на целосно и доследно почитување на Законот за спречување на корупцијата, Законот за спречување судир на интереси, Законот на заштита на укажувачите и Законот за лобирање, ќе се раководи од принципите на законитост и одговорност.

Програмата за работа за 2018 година ќе биде насочена кон:

**1.** Следење и оценка на остварувањето на активностите утврдени со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019;
**2.** Реализација на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019, што се во надлежност на ДКСК за 2018;
**3.** Спроведување на процесот на Антикорупциска проверка на легислативата;
**4.** Постапување по пријави со наводи за сомневања за корупција;
**5.** Постапување по предмети за можен судир на интереси и постапување по изјавите за судир на интереси;
**6.** Следење на имотната состојба на службените лица и обезбедување на актуелност, комплетност и ажурност на добиените обрасци од надлежните институции за Регистарот за избрани и именувани лица
**7.** Имплементација на Законот на заштитата на укажувачите;
**8.** Јакнење на целокупните капацитети на ДКСК
**9.** Анализа на дискреционите овластувања кај носителите на јавните функции
**10.** Унапредување на соработката меѓу потписниците на трите документи: Протоколот за соработка за

превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со граѓанските организации и Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со приватниот сектор;

**11.** Јакнење на соработката на ДКСК за спречување на корупцијата на мултилатерална и билатерална основа преку поврзување и соработка со антикорупциските тела во соседството и пошироко и развивање и реализација на антикорупциски проекти;

**12.** Подигнување на свеста и обуки за борба против корупцијата и судирот на интереси, а особено за јакнење на личниот и институционален интегритет

**13.** Ажурирање на Стратегијата за управување со ризици и Регистарот на ризици на ДКСК

Целите и активностите предвидени со оваа Програма се креирани и усогласени со бараните финансиски средства со Предлог Буџетот на ДКСК за 2018 година како и со евентуална поддршка на меѓународни донатори за поедини проекти и активности на ДКСК.

Овој документ содржи наративен дел со утврдени и образложени цели и акциски план со активности за реализација на целите. Активностите со кои ќе се реализираат наведените цели, а се содржани во акциониот план, меѓу себе се тесно поврзани.

1. Следење и оценка на остварувањето на активностите утврдени со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019

Целосната реализација на активностите утврдени во Акциониот план на Државната програма 2016-2019 претставува еден од клучните приоритети на Државната комисија за спречување на корупцијата. За таа цел ДКСК ги поттикнува надлежните институции да се насочат кон спроведување на активностите, имајќи го притоа предвид крајниот рок за нивната реализација.
Со оглед на тоа дека во декември 2017 година изминуваат две години од донесувањето на Државната програма 2016-2019, ДКСК по прибирање на податоците од надлежните институции за реализација на активностите, во првото тромесечје на 2018 година ќе пристапи кон обработка и анализа на податоците и подготовка на финален извештај за оценка на остварувањето на Државната програма 2016-2019. Во првиот квартал од 2018 година се планира организирање на годишна конференција на која ќе се презентираат резултатите од остварувањето на Државната програма 2016-2019, ќе се утврдат проблемите кои се појавуваат и влијаат на остварувањето на активностите, и евентуално да се разгледа опцијата за редефинирање на програмата согласно актуелните општествено економски случувања.
ДКСК ќе преземе активности во насока на поттикнување на институциите за реализацијата на активностите предвидени со Државната програма 2016-2019.

2. Реализација на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019, што се во надлежност на ДКСК за 2018

Со оглед на тоа дека Државната комисија за спречување на корупцијата е активен чинител за реализација на голем дел од активностите односно непосредно или во соработка со надлежните институции е вклучена во остварувањето на Државната програма 2016-2019, ДКСК и во текот на 2018 година ќе се посвети и фокусира на нивното имплементирање.

3. Спроведување на процесот на Антикорупциска проверка на легислативата

Спроведувањето на Антикорупциската проверка на легислативата беше реализирана како мерка која произлезе од Планот на активности на Владата на Република Македонија во согласност со Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија, доставен од страна на Европската комисија. Антикорупциската проверка на легислативата е и дел од превентивните антикорупциски мерки содржани во Стратегијата за Југоисточна Европа 2020.
Со донесувањето на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата во 2015 година се утврди начинот на кој ќе се спроведува процесот на антикорупциска проверка на легислативата. Нормативната рамка е зајакната и со усвојување на дополнувањето на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија со што антикорупциската проверка на предлог законите, односно добивањето на мислење од ДКСК, стана задолжително за министерствата.

И во 2018 година ДКСК по усвојување на Планот и динамика за 2018 година за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата на донесени закони, кои ќе ги има во предвид и наодите од спроведената анализа за дискрециони овластувања, на покрај задолжителната антикорупциска проверка на легислативата на доставените предлози на закони, ќе спроведува и проверка на веќе донесени закони.

Во првата половина на 2018 година, се планира изготвување на анализа и извештаи според веќе договорениот Проект за антикорупциска проверка на легислативата од областа на здравството, проект кој се одвива и спроведува на регионално ниво. Проектот ќе биде спроведуван од страна на Одделението за антикорупциска проверка на легислативата, во координација и соработка со Регионалната Антикорупциска Иницијатива и Совет за регионална соработка.

**4.** Постапување по пријави со наводи за сомневања за корупција

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со надлежностите од Законот за спречување на корупцијата и во 2018 година ќе продолжи да постапува по конкретни случаи за кои постои сомнеж за корупција иницирани преку пријави од граѓани или институции, по сопствено наоѓање, извештаи од релевантни надлежни институции и информации во медиумите (допрен глас). Тоа овозможува најширок можен круг на согледувања на девијантни однесувања во општеството и иницирање на надлежно постапување на Државната комисија, која по оформените предмети работи без исклучок и отстапки, а подносителите на пријавите доколку се познати за ДКСК, ќе ги известува за исходот од своето постапување.

Во зависност од утврдувањето на основаноста на сомневањето, Државната комисија за спречување на корупцијата иницира надлежно постапување во кривично - правната, прекршочната, дисциплинската и другите видови одговорност.

Државната комисија за спречување на корупцијата до Јавниот обвинител на Република Македонија и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција покренува иницијативи за поведување постапка за кривично гонење, каде Државната комисија има само иницијална улога, што ја остварува во зависност од сознанијата за исполнети основи за сомневање за сторено дело на корупција. Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретните случаи, Државната комисија прибира потребни информации и документи од сите релевантни институции кои се обврзани бараните информации и писмена да и ги доставaт во определени рокови.

Согласно со надлежностите од членот 49 став 1 алинеја 5 од Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани функционери, службени или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал.

**5.** Постапување по предмети за можен судир на интереси и постапување по изјавите за судир на интереси

Државната комисија за спречување на корупцијата и во 2018 година ќе продолжи да постапува по предмети од областа на судирот на интереси.

Постапката за утврдување судир на интереси се спроведува од страна на ДКСК и тоа по: службена должност, барање на службеното лице, пријава на друго лице, барање на функционерот кој раководи со органот каде што е вработено службеното лице и анонимна пријава, додека пак за потребите на постапката за утврдување судир на интереси, ДКСК прибира и ќе продолжи да прибира и во тековната година, документи, податоци и информации од физички и правни лица, како и по потреба и од службеното лице.
ДКСК ќе постапува по предметите во врска со изјавите за интереси и по предметите што се однесуваат на фактички и можен судир на интереси кај службените лица.
Во годината што следи се очекува зголемен број на поднесени изјави за интереси, а со тоа и постапување по предмети за утврдување на судир на интереси, поради одржаните локални избори во 2017 година.
ДКСК и во текот на 2018 година ќе врши редовна проверка на изјавите за интереси, при што исто така ќе поведува прекршочна постапка против службени лица за неподнесување на изјава за интереси во законски предвиден рок од 30 дена.

**6.** Следење на имотната состојба на службените лица и обезбедување на актуелност, комплетност и ажурност на добиените обрасци од надлежните институции за Регистарот

Државната комисија за спречување на корупцијата има надлежност да ја евидентира и следи имотната состојба и промените на имотната состојба на избраните и именуваните лица.
Сите примени анкетни листови од избрани и именувани лица, поднесени по избор на функција, по престанок на функција, за престанок на функција и повторен избор и за промена на функција, како и известувањата за промена на имотната состојба се внесуваат во базата на податоци и се објавуваат на ВЕБ страницата на ДКСК. При ова мора да се има предвид и зголемениот прилив на анкетни листови, пред се заради спроведените локални избори во септември 2017 година, што бара зголемено ангажирање на и така редуцираните капацитети на вработени во ДКСК.

И во 2018 година, ДКСК согласно пропишаните “Критериуми за начинот на определување на анкетни листови кои ќе бидат предмет на проверка”, ќе ја продолжи постапката за системска проверка на анкетните листови по определен ИД број од базата на податоци, а исто така ќе ја спроведува и редовната проверка.

Регистарот е ставен во функција во јули 2016 година и истиот континуирано се надополнува со податоци за избрани и именувани лица кои се доставуваат во електронска и писмена форма од страна на номинирани лица од институциите кои вршат избор/именување на лицата. Податоците од регистарот, освен податоците заштитени со закон, се јавно достапни на посебна ВЕБ страница. Во 2017 година ДКСК ги верификуваше и објавуваше веќе електронски доставените обрасци од страна на номинираните лица од надлежните институции. И во овој дел ДКСК повторно ќе се најде во состојба на дефицит на вработени и

потреба од зголемено ангажирање заради ажурирање на Регистарот.

Во 2018 година ДКСК и понатаму ќе продолжи со верификување и објавување, но истовремено ќе се фокусира и на надградба на софтверското решение, односно на имплементација на вториот дел од апликцијата кој се однесува на електронско пополнување на обрасците за имотна состојба и судир на интерси.

Овој дел од апликацијата ќе биде ставен во употреба по донесувањето на неопходните законски измени.

Исто така, ќе се направи напор податоците од Регистарот да бидат достапни, согласно Законот за користење податоците од јавниот сектор.

**7.** <u>Имплементација на Законот на заштитата на укажувачите</u>

ДКСК во текот на 2018 година постапувајќи согласно надлежностите утврдени во Законот за заштита на укажувачите , ќе преземе конкретни активности во насока на успешна имплементација на законот што подразбира воспоставување на систем за заштита на пријавувањето (внатрешно и надворешно) во институциите од јавниот и приватниот сектор, преку кој лицата ќе се охрабрат да пријавуваат сомневање или сознание за казниво, незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес при тоа ќе се обезбеди заштита од од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие заради извршеното пријавување.

Како и останатите институции во јавниот сектор, во рамките на своите надлежности, ДКСК односно овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК ќе презема конкретни активности на заштитено внатрешно пријавување во случаи на прием на пријави од укажувачи со почитување на процедурите утврдени со Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и внатрешната Процедура за заштитено внатрешни пријавување и заштитено надворешно пријавување во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно своите надлежности утврдени во Законот за заштита на укажувачите, ДКСК како надлежен орган за заштитено надворешно пријавување ќе презема активности и на заштитено надворшено пријавување во случаи на прием на пријави од укажувачи со почитување на процедурите утврдени со Правилникот за заштитено надворешно пријавување и внатрешната Процедура за заштитено внатрешни пријавување и заштитено надворешно пријавување во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Со оглед на фактот дека Законот за заштита на укажувачите ја посочува ДКСК како една од водечките институции во имплементацијата на овој закон, во текот на 2018 година ќе преземе низа активности во насока на подигање на јавната свест (обуки на овластените лица за прием на пријави од укажувачи, јавни кампањи и слично) со цел запознавање на пошироката јавност за поимот "укажувач", неговите права и заштита и како фукционира системот на заштита на укажувачите – " whistleblowing".

За таа цел, во месец октомври 2017 година во Државната комисија за спречување на корупцијата формирана е Работна група за изготвување на Стратегија за промоција на системот на заштита на укажувачите во чиј состав покрај претставници од ДКСК има и претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, Народниот правобранител на РМ, Бизнис конфедерација на Македонија, Министерството

за правда и Транспарени Интернатионал-Македонија која ќе биде потпомогната со експертска поддршка од Европската Комисија од обласста на заштита на укажувачите. Задачата на оваа Работна група е во текот на 2018 година да креира Стратегија за промоција на системот за заштита на укажувачите која ќе опфаќа низа конкретни активности свест (обуки на овластените лица за прием на пријави од укажувачи, јавни кампањи и слично) кои во 2018 година ќе бидат преземени се со цел запознавање на пошироката јавност со Законот и можностите што тој ги нуди, како и да се охрабрат граѓаните да пријават случај на кривично дело или друго незаконито однесување, со користење на меѓународните практики и искуства, а се со цел воспоставување ефикасен и ефективен систем на пријавување и заштита на укажувачите.
Понатаму, во соработка со ГО и поддршка од меѓународни организации ќе се фокусира на имплементација на активностите од Стратегијата.

8. <u>Јакнење на целокупните капацитети на ДКСК</u>

Во функција на најавените измени на Закон за спречување на корупцијата и Законот за спречување на судирот на интереси се планира спроведување на функционална анализа преку која ќе се оценат поставеноста и моменталната состојба во институцијата. Функционалната анализа треба да даде констатации, заклучоци и препораки што ќе послужат како основа за следни чекори кон подобрување на работењето на институцијата.

Посебно внимание ДКСК ќе посвети на подигнување на знаењата и вештините на вработените преку следење на специјализирани и генерички обуки.

Заради фактот дека Одделението за антикорупциска проверка на легислативата од 01.01.2017 останува без ниту еден вработен и дека во Државната комисија за спречување на корупцијата нема ниту едно вработено ИТ лице, исклучителни напори ќе се вложат за обезбедување на неопходниот кадар.

Имајќи ја предвид состојбата на дотраена и нефункционална ИТ и друга техничка опрема во Државната комисија за спречување на корупцијата, уште на самиот почеток на наредната година се планира решавање на проблемот.

9. <u>Анализа на дискреционите овластувања кај носителите на јавните функции</u>

Со цел зајакнување на превентивните антикорупциски мерки, ДКСК уште во 2016 година започна активности за спроведување на сеопфатна анализа на дискреционите овластувања во сите сегменти во системот на власта. Обезбедувајќи поддршка од ОБСЕ мисијата во Скопје и ТАИЕКС инструментот во 2017 година изготви Методологија за анализа на дискреционите овластувања, обезбеди локален експерт и спроведе активности за анализата на дискреционите овластувања врз основа на донесената Метотологија. За спроведување на активностите за анализата ДКСК, со прифаќањето на Информацијата доби поддршка од Владата на РМ, која со заклучоци ги задолжи институциите да постапат согласно Методологијата.

Ефектите се оценуваат како задоволителни имајќи предвид дека од вкупно 89 органи на

државната управа, самостојни органи на државната управа и управни организации , во периодот септември –декември 2017 година, извештаи за самопроценка со пополнети прашалници , доставија 43 институции, што беше добра основа за обработка. Работната група за спроведување на активностите за анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции продуцира првичен документ во кој се содржани Согледувања, заклучоци и препораки.

ДКСК и во 2018 ќе продолжи со спроведување на започнатата активност, при што особено ќе се раководи од согледувањата,заклучоците и препораките содржани во овој документ.

**10.** Развивање и унапредување на соработката меѓу потписниците на трите документи: Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со граѓанските организации и Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со приватниот сектор

Согласно со потпишаните документи за унапредување на соработката, координацијата и заедничкото дејствување на полето на превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси со државните органи и институции, невладиниот и приватниот сектор, ДКСК во текот на 2018 година ќе ги интензивира контактите и средбите со потписниците на овие документи со цел поефикасна превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси и промовирање на интегритетот во Република Македонија.
Целта е постигнување и одржување на непосредна контуинуирана комуникација меѓу институциите за брза размена на бараните информации, скратување на роковите и зголемување на оперативната ефикасност. Истовремено тоа ќе значи поттик и поголема подготвеност на сите институции да ја зголемат ефикасноста во борбата против корупцијата врз меѓусебно стриктно почитување на надлежностите и преземање на дејствијата во континуитет со цел намалување на непотребните формалности и одбегнување на паралелното изолирано работење.
ДКСК ќе продолжи да ја остварува соработката и преку размена на достапни информации и иницијативи од обласа на корупцијата и судирот на интереси, реализација на работилници, јавни дебати, конференции и кампањи за подигање на јавната свест, стручна соработка во процесот на едукација и обука, подготовка на законската регулатива која третира материја од обласа на корупцијата и судирот на интереси, спроведување истражувања и анализи на корупцијата и судирот на интереси како и соработка во реализацијата на проекти од заеднички интерес.
Во оваа насока, ДКСК ќе се посвети и на заокружување на проектот Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста, кој ќе продолжи да се реализира врз основа на веќе воспоставената соработка со ГО МЦМС и во првата половина од 2018 година.
Во насока на успешна имплементација на Законот за заштита на укажувачите, ДКСК потпиша Меморандум за соработка со ГО ТИ-М, во рамки на кој се предвидени активности кој ќе се реализираат во текот на 2018 година.

Меморандум за соработка беше потпишан и со ГО Институтот за демократија - Социетас Цивилис Скопје заради спроведување на проектот – Антикорупциска едукација на учениците од средните училишта.

**11.** Јакнење на соработката на ДКСК за спречување на корупцијата на мултилатерална и билатерална основа, поврзување и соработка со антикорупциските тела во соседството и пошироко, како и развивање и реализација на антикорупциски проекти

Имајќи ги предвид законските надлежности, ДКСК и во текот на 2018 година ќе ја продолжи веќе воспоставената практика на соработка со меѓународните организации и со антикорупциските тела на други држави, но и нејзино натамошно зајакнување и развивање, преку размена на искуства и реализација на заеднички активности. Ова ќе овозможи поддршка за успешна реализација на низа проектни активности на ДКСК во овој период, но и поддршка на работата на меѓународните организации со кои ДКСК соработува како што се Совет на Европа, ЕК, ОБСЕ, ОЕЦД, УНДП, РАИ, УНОДЦ, ГРЕКО, РЕСПА и др.

**12.** Подигнување на свеста за борба против корупцијата и судирот на интереси, а особено јакнење на личниот и институционалниот интегритет

Јакнењето на транспарентноста и отчетноста на ДКСК не само што е законска обврска, туку претставува и долгорочен приоритет. За остварување на оваа цел, ДКСК и во 2018 година планира повеќе активности во насока на зајакнување на јавната свест за негативното влијание на корупцијата и судирот на интереси, промовирање на интегритетот и заштитата на укажувачите.
ДКСК ќе настојува и во 2018 односите со јавноста да ги гради како одговорна и транспарентна институција со цел да придонесе за објективно информирање на граѓаните на начин и во мерка што одговараат на нејзината општествена позиција и улога.
Преку различни форми на односи со јавноста ДКСК ќе продолжи континуирано да нуди информации за своето постапување и за прашања што се наметнуваат како актуелни од аспект на препознавање и спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Сите позначајни пишани документи ДКСК ќе продолжи да ги објавува на својата веб-страница и да реагира на секое барање од медиумите преку давање коментари или стручни мислења со цел помагање во квалитетното информирање на јавноста за актуелни прашања од областа на корупцијата и судирот на интереси.

Секако неминовна активност и оваа година ќе бидат реализација на обуки за наведените теми на сите сегменти во општеството како дел од јакнењето на личниот и институционалниот интегритет.

Спроведување на активности во насока на реализација на проектот Антикорупциска едукација на учениците од средните училишта и понатаму останува во фокусот на Државната комисија за спречување на корупцијата и клучна активност во насока на подигање на личниот интегритет;

Во рамките на ИПА 2010 Твининг проектот Подршка за ефикасна превенција и борба

против корупцијата во 2016 година се изготви нова веб страница за ДКСК. Во јануари 2017 се реализираа дополнителни активности, по што веб страницата беше ставена во употреба и промовирана. Се очекува во 2018 година континуирано и навремено ажурирање на податоците на веб страницата, особено со информации согласно Нацрт - Заклучокот од 34-тата седница Владата на РМ.

Во рамките на ИПА 2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", на почетокот на 2016 година, ДКСК започна со подготовки околу воведување на интерактивната платформа за е-учење на тема антикорупција, судир на интереси и интегритет чијашто цел е подигнување на свесноста и знаењата на државните и јавните службеници во областа спречување корупција и судири на интереси. Во текот на 2017 година се заврши техничкиот дел, кој предвидува ставање во употреба на прикачените лекции и финален тест и нивно тестирање до генерирање на сертификат за успешно одговорен тест. Во 2018 ќе се очекува ставање во функција на платформата на е-учењето . По воспоставување и целосна финкционалност на платформата за е-учење на првиот модул, предвидено е воспоставување на систем на е-учење за модулите „Корупција во бизнисот" и „Општествени последици од корупцијата".

**13.** Ажурирање на Стратегијата за управување со ризици и Регистарот на ризици на ДКСК

Со цел подобрување на способноста за остварување на стратешките цели на ДКСК преку управување со заканите и можностите и создавање околина која придонесува кон поголем квалитет, ефикасност и резултати во сите активности и на сите нивоа, донесена е Стратегија за управување со ризиците.

Општиот модел за управување со ризиците во 2018 се состои од пет чекори: ревидирање на целите, утврдување на ризиците, процена на ризици, постапување по ризиците и следење и известување за ризиците.

Целокупното управување со ризиците ќе произлезе од мерењето и приоритизирањето на ризиците. Целта на управувањето со ризиците е нивно ограничување на прифатливо ниво. Секоја активност преземена во организацијата во однос на управувањето со ризикот станува дел од "внатрешната контрола".

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**д-р Игор Тантуровски**

# АКЦИОНЕН ПЛАН

## за реализација на
## Програмата за работа на
## Државната комисија за спречување
## на корупцијата за 2018 година

## Следење и оценка на остварувањето на активностите утврдени со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Следење на остварувањето на Државната програма 2016-2019 | февруари 2018 | Изготвен финален извештај за оценка на остварувањето на Државната програма 2016-2019 | Буџет на ДКСК |
| 2 | Организирање и одржување на Годишна конференција за информирање за степенот на остварувањето на Државната програма 2016-2019 и предизвиците за периодот кој претстои | крај на март2018 | Одржана годишна конференција | Буџет на ДКСК |
| 3 | Прибирање, обработка и анализа на добиените податоци | декември 2018 | Добиени податоци од сите надлежни институции | Буџет на ДКСК |

## Реализација на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019, што се во надлежност на ДКСК за 2017 година

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Креирање на План и динамика за реализација на активностите од ДП 2016-2019 по години, во надлежност на ДКСК | јануари 2018 | Донесен План и динамика за реализација на ДП 2016-2019 по години, во надлежност на ДКСК | Буџет на ДКСК |
| 2 | Реализирање на активностите од ДП 2016 – 2019 година во надлежност на ДКСК, согласно Планот и динамика реализација на активностите | континуирано 2018 | Број на реализирани активности од Планот и динамиката за реализација на активностите | Буџет на ДКСК |

## Спроведување на процесот на Антикорупциска проверка на легислативата

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување на План и динамика за антикорупциска проверка на легислативата за 2018 година | јануари 2018 | Изготвен План и динамика за антикорупциска проверка на легислативата за 2018 година | Буџет на ДКСК |
| 2 | Реализирање на Планот и динамиката за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата на донесени закони | согласно утврдена динамика во цела 2018 | Број на спроведени проверки | Буџет на ДКСК |
| 3 | Спроведување на процесот на АПЛ во согласност со Методологијата за АПЛ по поднесени барања од овластени подносители | континуирано | Број на поднесени барања / број на спроведени проверки | Буџет на ДКСК |
| 4 | Спроведување на проект за антикорупциска проверка на легислативата од областа на здравството | Прва половина 2018 | Број на закони од областа на здравството проверени согласно Методологијата за АПЛ | РАИ |

## Постапување по пријави со наводи за сомневања за корупција

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Постапување по пријави за постоење сомнеж за корупција (поднесени од граѓани, правни лица, наоди од медиуми, наоди од надлежни државни органи, по сопствена иницијатива | континуирано 2018 | Број на отворени предмети<br>Број на покренати иницијативи за кривично гонење<br>Број на покренати иницијативи за разрешување, распоредување, сменување, или друг вид одговорност | Буџет на ДКСК |

**Постапување по предмети за можен судир на интереси**
**и постапување по изјавите за судир на интереси**

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Постапување по предмети од областа на судирот на интереси | Континуирано | Број на оформени предмети/број на завршени предмети<br><br>Број на предмети во кои е утврден судир на интереси/ број на предмети во кои е постапено по укажување од ДКСК<br><br>Број на изречени јавни опомени<br><br>Број на иницијативи за престанок на вршењето на јавните овластувања или должности | Буџет на ДКСК |
| **2** | Ажурирање на базата со податоци од ново примени изјави за интереси | континуирано | Број на ажурирани изјави за интереси | Буџет на ДКСК |
| **3** | Редовна проверка на изјавите за интереси | континуирано | Број на проверени изјави за интереси / број на поднесени барања за поведување прекршочна постапка<br><br>Број на проверени изјави за интереси / број на оформени предмети за можен судир на интереси<br><br>Број на предмети во кои е утврден судир на интереси/ број на предмети во кои е постапено по укажување од ДКСК | Буџет на ДКСК |

**Следење на имотната состојба на службените лица / Обезбедување на целосна слика за состојбата на избраните и именуваните лица преку обезбедување на актуелност, комплетност и ажурност на добиените обрасци од надлежните институции за Регистарот**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Редовна проверка на податоците од анкетните листови ( по сопствена иницијатива, по пријава, наводи во медиуми) | континуирано 2018 | Број на поднесени барања за испитување на имот и имотна состојба / Број на проверени анкетни листови<br><br>Број на поднесени барања за поведување прекршочна постапка / Број на проверени анкетни листови | Буџет на ДКСК |
| **2** | Системска проверка на анкетните листови согласно со „Критериумите за начинот на определување на анкетни листови кои ќе бидат предмет на проверка“ | согласно утврдена динамика во цела 2018 | Број на поднесени барања за испитување на имот и имотна состојба / Број на проверени анкетни листови<br><br>Број на поднесени барања за поведување прекршочна постапка / Број на проверени анкетни листови | Буџет на ДКСК |
| **3** | Ажурирање на базата за анкетни листови со податоци од ново примени анкетни листови и податоци за промени во имотната состојба | континуирано 2018 | Број на примени анкетни листови<br><br>Број на примени обрасци за промени во имотна состојба | Буџет на ДКСК |
| **4** | Редовно ажурирање на Регистарот за избрани и именувани лица | континуирано 2018 | Број на евидентирани податоци на избрани и именувани лица | Буџет на ДКСК |
| **5** | Надградба на софтверското решение на Регистарот со можност за пристап до информациите како отворени податоци | Јуни - декември 2018 | Надграден Регистар | Буџет на ДКСК Меѓународна организација |

## Имплементација на Законот на заштитата на укажувачите

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување „Стратегија за промоција на системот на заштита на укажувачите". | Март 2018 | Изготвена стратегија | ИПА МВР |
| 2 | Имплементација на активностите од Стратегијата предвидени за 2018 година | Март –дек 2018 | Број на имплементирани активности | IPA II , Совет на Европа , ТИ-М донатори |
| 3 | Објавување - ажурирање листа на овластени лица за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор | континуирано 2018 | Број на институции кои известиле за овластено лице<br><br>Објавена листата на веб страницата на ДКСК | Буџет на ДКСК |

## Јакнење на целокупните капацитети на ДКСК

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Спроведување на функционална анализа на капацитетите на ДКСК | Прва половина од 2018 | Спроведена анализа | Буџет на ДКСК / меѓународна организација |
| 2. | Имплементација на препораките од спроведената функционална анализа | Втора половина од 2018 | Број на препораки / број на имплементирани препораки | Буџет на ДКСК / меѓународна организација |
| 3 | Обезбедување на ИТ опрема заради воспоставување на интероперабилност на ДКСК | 2018 | Обезбедена ИТ опрема<br><br>Воспоставен систем на операбилност | ИПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | Изготвување на нова ICT стратегија | Февруари 2018 | Изготвена ICT стратегија | Буџет на ДКСК |
| **5** | Обезбедување на надградба на знаењата преку специјализирана обука за секој од вработените | континуирано | Број на обезбедени и реализирани специјализирани обуки | Буџет на ДКСК<br>Меѓународни организации<br>ГО |
| **6** | Вработувања во одделението за АПЛ | Прва половина од 2018 | Број на предвидени вработени по систематизација во одделението за АПЛ / Број на вработени во одделението за АПЛ | Буџет на ДКСК |
| **7** | Вработување на ИТ лице во ДКСК | Март 2018 | Број на вработени ИТ лица во ДКСК | Буџет на ДКСК |

## Анализа на дискреционите овластувања кај носителите на јавните функции

| **Ред. бр.** | **Активност** | **Рок на реализација** | **Показател на активност** | **Потребни / обезбедени средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Обработка на извештаи од самопроценка на институциите | континуирано | Број на обработени извештаи<br>Број на препораки за измени и дополнувања на закони | Буџет на ДКСК<br><br>ОБСЕ |

**Унапредување на соработката меѓу потписниците на трите документи: Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со граѓанските организации и Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со приватниот сектор**

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вклучување на потписниците на Протоколот за соработка, како и претставниците од приватниот и невладиниот сектор потписници на Меморандумите за соработка, во сите сегменти од работењето каде што има потреба и простор од истото | континуирано 2018 | Број на одржани работни средби со претставниците од трите документи | Буџет на ДКСК |
| 2 | Спроведување на Проектот: Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста | Јануари – април 2018 | Број на реализирани активности | ГО МЦМС / Британска амбасада |

**Јакнење на соработката на ДКСК за спречување на корупцијата на мултилатерална и билатерална основа преку поврзување и соработка со антикорупциските тела во соседството и пошироко и развивање и реализација на антикорупциски проекти**

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Реализирање на активности согласно Планот за TAIEX проекти за 2017 година | Континуирано 2018 | Број на реализирани проекти | TAIEX |
| 2 | Унапредување на воспоставената соработка со РАИ | Континуирано 2018 | Број на реализирани активности | РАИ<br>Буџет на ДКСК |
| 3 | Реализација на активности за поддршка на работата на меѓународни тела и организации | Континуирано 2018 | Број на одржани средби<br><br>Број на учество на конференции | Буџет на ДКСК<br><br>Меѓународни организации |
| 4 | Поврзување и соработка со антикорупциските тела во соседството и пошироко | Континуирано 2018 | Број на реализирани активности | Буџет на ДКСК<br><br>Меѓународни организации |
| 6 | Учество на редовни состаноци на Мрежата за интегритет и етика на антикорупциските тела од земјите на Западен Балкан (РЕСПА) | Континуирано 2018 | Број на реализирани состаноци | РЕСПА |

**Подигнување на свеста и обуки за борба против корупцијата и судирот на интереси, а особено за јакнење на личниот и институционален интегритет**

| Ред. бр. | Активност | Рок на реализација | Показател на активност | Потребни / обезбедени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Соработка и информирање на јавноста преку медиумите за јавно информирање | Континуирано 2018 | Број на одржани прес конференции<br><br>Број на интервјуа<br><br>Број на соопштенија | Буџет на ДКСК |
| 2 | Спроведување на проектот Антикорупциска едукација на учениците од средните училишта | Континуирано 2018 | Број на започнати активности во насока на имплементација на проектот | ГО ИДСЦС, Меѓународна организација |
| 3 | Спроведување обуки согласно утврдената динамика во Стратегијата за унапредување на системот на заштита на укажувачи | Април – декември 2018 | Број на спроведени обуки<br><br>Број на обучени лица | Буџет на ДКСК Совет на Европа, ТИ-Македонија |
| 8 | Спроведување обуки за превенција од корупцијата, судирот на интереси и интегритетот организирани од страна на други институции (АСЈО, МИОА, факултети со кои ДКСК има потпишано Меморандум и др) | континуирано | Број на обуки каде ДКСК се јавува во улога на предавач | Буџет на др. институции |
| 11 | Воспоставување на платформа на е – учење за вработените во јавниот сектор | Февруари 2018 | Воспоставена и функционална платформа за е –учење | Буџет на ДКСК |

**Ажурирање на Стратегијата за управување со ризици и Регистарот на ризици на ДКСК**

| **Ред. бр.** | **Активност** | **Рок на реализација** | **Показател на активност** | **Потребни / обезбедени средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Ревидирање на постојните цели | септември 2018 | Ревидирана Стратегија за управување со ризиците | Буџет на ДКСК |
| **2** | Утврдување на ризиците во работењето на ДКСК | септември 2018 | Креиран образец за утврдување и проценка на ризиците и ажурирање на регистарот на ризици | Буџет на ДКСК |
| **3** | Процена на ризиците | октомври 2018 | Креиран образец за утврдување и проценка на ризиците и ажурирање на регистарот на ризици | Буџет на ДКСК |
| **4** | Постапување по ризиците | ноември 2018 | Изготвен нов акциски план за отстранување на слабостите | Буџет на ДКСК |
| **5** | Следење и известување за ризиците | декември 2018 | Изготвен нов акциски план за отстранување на слабостите | Буџет на ДКСК |